РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4865/2
17-01-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-4865/1 од 12.11. 2021 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на ________________, поранешен член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом – ____________, СЕ ЗАПИРА.

Нема елементи за натамошно надлежно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот под број 08-4865/1 од 12.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, а по донесен заклучок на ДКСК и извршен увид во изданијата на Службен весник на Република Северна Македонија за 2021 година за извршени избори/именувања односно престок на функција како и проверка во евиденцијата на ДКСК за исполнување на законската обврска за доставување анкетен лист од страна на лицата кои се избрани/именувани односно им престанала функцијата.

Од увидот во Службен весник на РСМ број 191/2021 ДКСК утврди дека на лицето ______________ на ден 30.07.2021 година, му престанала функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Демир Хисар и дека во законски предвидениот рок по престанокот на функцијата не поднело анкетен лист до ДКСК.

На ден 25.11.2021 година, од страна на лицето _____________, сопруг на именуваното лице, до ДКСК доставено е известување во кое се наведува именуваното лице во последниот период е сериозно болно од Мултиплекс Склероза со што целосно

е неспособно да се движи, да говори и да пишува и дека во тешка здравствена состојба е сместена на лекување во здравствена установа. Поради наведеното не било во состојба ниту во иднина ќе може да пополни и достави анктетен лист до ДКСК.

Што се однесува за имотната состојба, во известувањето се наведува дека истата останала непроменета.

Во прилог на известувањето е доставена копија од Извештај на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија.

Државната комсија за спречување на корупцијата, тргнувајќи од наведеното, констатира дека е беспредметно нејзиното натамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: С.П.Д.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**